РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2220/8
28-07-2026

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), овластеното службено лице во Државната комисија за спречување на корупцијата издава:

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за физичко лице)

А	ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛОТ НА ПРЕКРШОКОТ	
Име и презиме		**Гоце Цветановски**
ЕМБГ		
Адреса на живеалиште или на престојувалиште		

Б	ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК	
Време и место на сторување на прекршокот		**06.09.2024 година, Скопје**
Опис на прекршокот		**Лицето во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на именување за вршње на функцијата член на Националната комисија на учебници не поднело Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Лицето е именувано од страна на Владата на Република Северна Македонија со Решение за разрешување и именување за членови на Националната комисија за учебници со бр.14-7079/1 од 06.08.2024 година.**
Број на Записникот за констатиран прекршок		**09-2220/7**
Правна квалификација на прекршокот		**член 82 став (1) од ЗСКСИ, а казнив по член 109 став (1) алинеја 1 од истиот закон**
Износ на глобата за прекршокот (евра во денарска противвредност)		**300,00 евра (тристотини евра)**

Сметка за плаќање на глобата	На ПП50 образец на трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка 840***(општината каде се уплаќа)05808, приходна шифра

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

	722159, со цел на дознака Уплата на глоба по прекршочен платен налог број_____

ПРАВНА ПОУКА:

Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Државната комисија за спречување на корупцијата, ул. „Даме Ѓруев" бр. 1, 1000 Скопје. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното службено лице на Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија во Државната комисија.

Потпис на сторителот

М.П. (*)

Овластено службено лице
Член/Anëtar
Besnik Xhemaili

[redacted]